# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 7, година L**
**Четврток, 25.04.2019**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година

1. Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/1
25.04.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11 171/12, 192/15 и 167/16),Советот на Општина Битола на 32-та седница, одржана на 24.04.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Битола**
За **2019** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаБитола за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 754111 | Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 45.400.000 |
| | | **0** | **0** | **0** | **45.400.000** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | 45.000.000 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| | | **0** | **0** | **0** | **45.400.000** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Битола„ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година

Бр.09-49/3
23.04.2019 г.
Б и т о л а

Претседател на Советот на Општината
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004 , 96/2004 и 156/09), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 21/2018 ), се врши измена и дополнување на начин што:

Во членот 8 после зборовите „буџет на самофинансирачки активности“ се додаваат зборовите „буџет на заеми“.

Во членот 24 став 1 алинеја 1 зборот „наменската“ се брише.

Во членот 24а во ставка 464990- Разни трансфери програма А0 средства во висина од 500.000,00 денари за рефундирање на трошоците за превоз на учениците се зголемуваат и ќе изнесуваат 858.526,00 денари.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-49/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општина Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини во Општина Битола – точка 11 Детски игралишта и опрема за забава на деца под технички бр. 6/2019 од април 2019.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-49/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-347/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 21, член 24 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 1 и член 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12 , 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 ), член 5 и член 9 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија„ бр95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018), член 18 став 1 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08),Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола.

Основач на Јавното претпријатие е Советот на Општината Битола.

ДЕЈНОСТ

**Член 2**

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следниве дејности:

49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт

49.39 Други патнички копнен транспорт неспомнат на друго место

52.21 Услужни дејности поврзани со копнен превоз

ФИРМА И СЕДИШТЕ

**Член 3**

Полниот назив на фирмата на Јавното претпријатие гласи:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА

Скратениот назив на фирмата ќе гласи:

ЈППЈЛП (во понатамошниот текст: Јавно претпријатие)

Седиштето на Јавното претпријатие е во Битола на ул. „Бул. Први Мај“ бр. 61.

ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Член 4**

Средствата за основање на Јавното претпријатие се обезбедуваат од основачот Општина Битолаи ќе изнесуваат 350.000,00 денари.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 5**

Јавното претпријатие во вршењето на дејност од јавен интерес се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефиканост и максимален успех во процесот на работењето со цел за постигнување на највисоки резултати во техничкиот, технолошкиот, економскиот развој на Општината Битола. Постигнувањето на развој и усогласенот со општиот интерес и заштита на добрата од општ интерес, преку квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Управувањето со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие се врши согласно закон и статутот на јавното претпријатие.

**Член 6**

За извршувањето на задачите од член 5 на оваа одлука, Јавното претпријатие ќе се организира во организациони облици поблиску определени со Статутот на Јавното претпријатие.

ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 7**

Органи на Јавното претпријатие се:

Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор.

**Член 8**

Надлежностите, организацијата и работата на органите на Јавното претпријатие како и другите работи од значање за делокругот на Јавното претпријатие ќе се уредат со Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 9**

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена што ги именува и разрешува Советот на Општината Битола.

Мандатот на Претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 години.

**Член 10**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена кои ги именува, односно разрешува Советот на Општината Битола.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, или Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење тие продолжуваат да ги вршат функциите до именувањето на нов Управен одбор,

односно Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење.

Мандатот на Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење трае 4 (четири) години.

**Член 11**

Директорот на Јавното претпријатие го избира Градоначалникот на Општината Битола по пат на јавен конкурс.

**Член 12**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Јавното претпријатие ќе бидат регулирани со Статутот на Јавното претпријатие во согласност со закон.

ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 13**

Статутот на Јавното претпријатие го донесува Управниот одбор на Јавното претпријатие.

**Член 14**

Со Стаутот на Јавното претпријатие поблиску се уредува: организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување и извршување, како и други прашања од значење за јавното претпријатие.

**Член 15**

Основачот дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 16**

Именувањето на членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор како и донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на основањето на Јавното претпријатие.

За лице кое ќе ги врши работите на претставување на јавното претпријатие до неговото конституирање се определува: Кире Ѓоргиевски Раководител на одделението за управување со човечки ресурси во општинската администрација на Општина Битола.

**Член 17**

Работите околу почетокот со работа на Јавното претпријатие ќе ги координира директорот или лице овластено од него.

ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 18**

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за извршените и преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот имот со целосна одговорност.

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-49/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за согласност на проектот “SMART-CUL-TOUR“**

1. Ја објавувам Одлуката за согласност на проектот “SMART-CUL-TOUR“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.04.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за согласност на проектот**
**“SMART-CUL-TOUR“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за учество во проектот “SMART-CUL-TOUR“ од Програмата за прекугранична соработка со Република Албанија 2016-2017 (Cross-border Programme the Republic of North Macedonia - Republic of Albania under the Instrument of Pre-accession Assistance (IPA II) allocations for 2016 & 2017.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-49/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола со примена на член 24 од ЗЈН, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола со примена на член 24 од ЗЈН**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба-Битола за реализирање на Програмата на Советот на општина Битола за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола со примена на член 24 од ЗЈН бр. 02-254/7 од 16.04.2019 година,

донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-49/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ Битола, согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.)**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ Битола, согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.), донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“ Битола, согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.)**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за снабдување со вода за пиење, управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен систем и други објекти од водоснабдителниот на подрачјето на Општина Битола и соседните општини од страна на ЈКП „Водовод“

Битола, согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.) бр. 02-383/1 од 17.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-49/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈП УППИ Битола, односно урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.)**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈП УППИ Битола, односно урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.), донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈП УППИ Битола, односно урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.)**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори помеѓу Општина Битола и Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за извршување на услуги од страна на ЈП УППИ Битола, односно урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, надзор и други технички услуги, а согласно член 24 од

Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/19 од 01.02.2019 год.) бр. 02-33/1 од 16.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-49/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13...27/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за ништење на расходован ситен инвентар и опрема што се наоѓаат во пописните листи на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола бр. 03-124/2 од 15.04.2019 година, донесена од Управниот Одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-49/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална

сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за поставување и тековно одржување на стандардни сообраќајни знаци, нестандардни сообраќајни знаци и столбчиња (вертикална сигнализација) со примена на член 24 од ЗЈН бр. 02-254/6 од 16.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-49/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за комунално уредување на атмосферска и фекална канализација со примена на член 24 од ЗЈН бр. 02-254/4 од 16.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-49/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Совет на општина Битола за склучување на договори на Општина

Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за крпење на улици и патишта со асфалт со примена на член 24 од ЗЈН бр. 02-254/5 од 16.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-49/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 23.04.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-347/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.04.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“ - набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола на начин:

„Во член 1 износот 2.500.000 ден. се заменува со износ од 2.649.017 и

во член 2 износот 2.500.000 ден. се заменува со износ од 2.649.017“.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.09-49/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.04.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола**

1. **Фанија Наумовска** ВД Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 18.11.2018 година, поради завршување на мандат

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште Гимназија, ‚Јосип Броз Тито„ Битола, бр.08- 417/2 од 21.05.2018 година, за ВД Директор е избран Фанија Наумовска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор Фанија Наумовска.

**Бр. 08-899/1**
**19.11.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола**

1.За ВД Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола **СЕ ИМЕНУВА Фанија Наумовска**, ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 19.11.2018 година.

3.В.Д. Директорот ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директор е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор Фанија Наумовска.

**Бр. 08-899/2**
**19.11.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1.**Билјана Кокалевска** ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 24.11.2018 година, поради завршување на мандат.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола бр.08- 425/2 од 23.05.2018 година, за ВД Директор е избрана Билјана Кокалевска. Имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор .

**Бр. 08- 931/1**
**23.11.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1.За ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола **СЕ ИМЕНУВА** **Билјана Кокалевска**, ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 25.11.2018 година.

3.В.Д. Директорот ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД Директор е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр. 08- 931/2**
**23.11.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„Коле Канински„ Битола**

1. **Се разрешува Лидија Недановска** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Коле Канински„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 28.11.2018 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со именованиот ВД Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола бр.08-433/2 од 28.05.2018 година Лидија Недановска беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот заврши се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-838/2**
**27.11.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште**
**„Коле Канински„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Коле Канински„ Битола **се именува** Зоран Мирчевски Дипломиран професор по физичка култура вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 29.11.2018 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Новоименуваниот ВД Директор со разрешениот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Коле Канински„ Битола, а по престанокот на мандатот на досегашниот ВД Директор согласно член 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-838/3**
**27.11.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016 и 64/2018), Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

**РЕШЕНИЕ**
*за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП „Пазари„ Битола*

*1.Се разрешува **Александар Касапов** од функцијата вршител на должноста директор на ЈП „Пазари„ „ Битола заклучно со 30.11.2018 година.*

*2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , Битола се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08-957/1*
*29.11.2018*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), 24а став 3 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016 и 64/2018), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП „Пазари„ Битола донесе

## РЕШЕНИЕ
за именување вршител на должноста директор на ЈП „Пазари„ Битола

1.За вршител на должноста директор на ЈП „Пазари„, Битола **се именува Владо Атанасовски магистер по менаџмент во образование** од Битола, сметано од 01.12.2018.

2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

3.Се задолжува именованиот ВД Директор со разрешениот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

### Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП „Пазари„ , Битола Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-957/2
29.11.2018
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ
**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ " Битола**

1. **Елизабета Наумовска** ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 03.12.2018 година, поради завршување на мандат.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

## Образложение

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, бр.08- 460/2 од 04.06.2018 година, за ВД Директор е избран Елизабета Наумовска.
